Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

Бр. 20-5205/11
28 -06- 2021 година

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" број 58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010, 51/2011 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 96/2019 и 110/2019) и член 112 став 1 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" број 24/2019) Министерот за здравство, донесе

## ОДЛУКА
### за избор на најповолна понуда

1. За најповолна понуда, согласно Одлуката за потребата од спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка на стоки бр. 20-5205/1 од 25-06-2021 година и спроведена постапка со преговарање без објавување на оглас за јавна набавка на стоки - **Бупренорфин за лицата со болести на зависности во РСМ за јули 2021 година**, се избира:

За **ДЕЛ 1 - N07BCC01, buprenorphine, сублингвална таблета, 2 мг,** понудата на Понудувачот **Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД Скопје**

| ДЕЛ | АТЦ | Генеричко име | Фармацевтска форма | Јачина | Единечна мера | Количина | Латинично име на лек | Произво-дител и земја на потекло | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | N07BCC01 | buprenorphine | сублингвална таблета | 2 мг | таблета | 9.566 | Buprenorfin Alkaloid 2mg | Алкалоид АД Скопје | 340.932,24 |

За **ДЕЛ 2 - N07BCC01, buprenorphine, сублингвална таблета, 8 мг,** понудата на Понудувачот **Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД Скопје**

| ДЕЛ | АТЦ | Генеричко име | Фармацевтска форма | Јачина | Единечна мера | Количина | Латинично име на лек | Произво-дител и земја на потекло | Вкупна цена без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2 | N07BCC01 | buprenorphine | сублингвална таблета | 8 мг | таблета | 9.450 | Buprenorfin Alkaloid 8mg | Алкалоид АД Скопје | 1.360.327,50 |

2. Договорниот орган ќе ја активира Изјавата за сериозност ако понудувачот ја повлече својата понуда пред истекот на периодот на нејзината важност, не ја прифати исправката на аритметичките грешки од страна на комисијата и не го потпише Договорот за јавна набавка согласно со условите од тендерската документација и доставената понуда.

3. Доколку дојде до прекршување на Изјавата за сериозност, договорниот орган во ЕСЈН објавува негативна референца што резултира со исклучување на предметниот понудувач од сите идни постапки за јавни набавки во период од шест месеци од денот на објавувањето. Периодот на исклучување од овој став се зголемува за дополнителни три месеци при секоја наредна негативна референца, но не повеќе од една година.


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Согласно Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" број 24/2019), Министерството за здравство, преку Комисијата за јавни набавки формирана со Одлуката за потребата од спроведување на постапка со преговарање без објавување на оглас за доделување на договор за јавна набавка на стоки бр. 20-5205/1 од 25-06-2021 година, спроведе постапка со преговарање без објавување на оглас за јавна набавка на стоки - **Бупренорфин за лицата со болести на зависности во РСМ за јули 2021 година**, на која со свои понуди учествуваа следните економски оператори:

| Ред. бр. | Понудувач |
|---|---|
| 1. | Фармацевтска хемиска козметичка индустрија АЛКАЛОИД АД Скопје |

По целосната проверка на документацијата, а согласно утврдените критериуми за избор на најповолен понудувач, како и по спроведеното преговарање, Комисијата за јавни набавки изготви и до Министерот достави Извештај од спроведена постапка, со кој предлага Министерот за здравство на Република Северна Македонија како овластен, да донесе Одлука за избор на најповолна понуда согласно член 112 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" број 24/2019), од понудите кои во целост ги исполниле условите од огласот (тендерската документација).

Имајќи го во предвид горенаведеното, а по оцена на сите факти и докази приложени кон списите на предметот, а особено предлогот на Комисијата за јавни набавки, се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Упатство за правно средство:**

Против оваа Одлука незадоволниот економски оператор има право да поднесе жалба врз основа на член 138 став 1 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" број 24/2019).

Жалбата се изјавува и доставува до Државната комисија и договорниот орган во хартиена форма, согласно член 142 став 1 и став 2 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" број 24/2019). Денот на испраќање на жалбата до Државната комисија се смета за ден на поднесување.

Жалбата се изјавува во рок од десет дена од денот на приемот на оваа одлука, во однос на тендерската документација, евалуацијата и изборот на понудите, односно за причините за поништување на постапката, согласно член 145 став 2 од Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" број 24/2019).

МИНИСТЕР,
Д-Р ВЕНКО ФИЛИПЧЕ

VENKO FILIPCHE
Digitally signed by VENKO FILIPCHE
Date: 2021.06.29 12:07:17 +02'00'


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
Ул. „50 Дивизија" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk